Врз основа на Програмата за социјалната заштита на Општина Битола за 2021 и Планот за социјална заштита 2020-2024, Општина Битола во соработка со ОО  Црвен Крст Битола распишува:

**КОНКУРС**

за обука за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои сакаат да посетуваат обука  и да се стекнат со државно признат Сертификат да аплицираат во периодот од 03.08.2021 до 01.09.2021 година.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се државјани на Република Северна Македонија
- Да имаат над 18 години
- Да имаат општа психо-физичка способност за работа
- Да имаат завршено минимум основно образование
- Да бидат мотивирани за работа со стари и немоќни лица, како и лица со попреченост
- Да бидат мотивирани по обуката да бидат вклучени во сервисот за нега во домашни услови при Општина Битола во соработка со ОО Црвен Крст Битола

**Напомена**: обуката за неговател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост е сертифицирана и трае 3 месеци.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават во Општина Битола на шалтер бр. 1 со пополнување на Формулар за пријава  за обука за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост или истиот пополнет,  да го достават електрински на е-маил: simonajoveska132@gmail.com.

Секој заинтересиран кандидат ќе биде повикан на индивидуално интервју.

Бр.08-109/3

30.07.2021 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА